

**ВЕСТИТЕ ЗА КИРИЛ И МЕТОДИЈ СПОРЕД ИТАЛИЈАНСКАТА ЛЕГЕНДА**

На 14 февраури 869 година во Рим починал помладиот брат од двајцата словенски првоучители - Кирил, кој заедно со братот Методиј го вткал своето дело во основите на сеопштата словенска култура. Бројни словенски, грчки и латински извори даваат материјали според кои е извршена реконструкција на нивниот животен пат насочен кон побрзото издигнување на словенскиот род во редот со другите културни народи во Европа.

Меѓу латинските извори за св. Кирил и Методиј посебно место зазема и Италијанската легенда, позната уште и под името Римска легенда. Овој извор предизвика бројни дискусии во науката, особено во поглед на нејзината старина и веродостојност како историски документ. Италијанската легенда првпат била објавена во латинскиот зборник *„Acta Sanctorum"* со наслов *„Житие и пренесување на моштите на свети Климент"* . Зборникот бил отпечатен на 9 март 1668 година. Во недостиг на ракописни варијанти од овој извор, долго време во науката се мислело дека легендата потекнува од XIV век.

Се јавиле разновидни хипотези и во однос на нејзиното авторство. Како нејзин автор се споменува велетрискиот епископ Гаудерих, меѓутоа, славистите кои се застапувале за тезата дека таа потекнува од XIV век морале да го отфрлат авторството на Гаудерих, зашто тој бил современик на браќата и учествувал во нивното произнесување во повисоки чинови во Рим, како што соопштуваат Панонските легенди.

За разрешување на ова прашање помогна објавувањето на писмото на Анастасиј Библиотекарот упатено до Гаудерих, со коешто му дава сведенија за животниот пат на Кирил и Методиј, кои во својата втора мисија, т.н. Хазарска, во градот Херсон, ги пронашле моштите на папата Климент Римски 11. Гаудерих добил задача да го состави Житието на папата Климент, а знаејќи дека браќата ќе ги донесат неговите мошти во Рим му се обратил за помош на Анастасиј Библиотекарот кој знаел грчки јазик. Анастасиј со писмото му испратил и две творби од Кирила, Расказ за пронаоѓањето на моштите на папата Климент и Пофално слово за пронаоѓањето на моштите, коишто му ги превел од грчки на латински јазик.





[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**